МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
Ул. „Перо Наков" б.б.; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс ++389(0)2 2581824

Јавно претпријатие за стопанисување
со државните шуми
МАКЕДОНСКИ ШУМИ П.О.
Бр. 05-641/1
17-07-2018 201 год.
СКОПЈЕ

# ТРИМЕСЕЧЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП "МАКЕДОНСКИ ШУМИ"

## ЗА ПЕРИОД 04 – 06 МЕСЕЦ 2018 ГОДИНА

Скопје, јули 2018г.

**ТРИМЕСЕЧЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП "МАКЕДОНСКИ ШУМИ" ЗА ПЕРИОД 04 - 06м. 2018г.**

## I ПРИХОДИ, РАСХОДИ И ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| Реден број | О п и с | План 2018 | Остварено 2017 | Остварено 2018 | Структурна анализа (оств.2018) | Споредбена анализа (оств.2018/ план.2018 ) | Споредбена анализа оств.2018/ оств.2017) | Образложение ( забелешка ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7=5:3 | 8=5:4 | |
| 1 | **ВКУПНИ ПРИХОДИ :** | **637.430.658** | **346.746.635** | **339.052.647** | **100,00%** | **53,19%** | **0,98** | Образложение во прилог |
| | 1.1. Приходи од огревно дрво | 452.110.243 | 235.186.286 | 217.629.688 | 64,19% | 48,14% | 0,93 | |
| | 1.2. Приходи од техничко дрво | 105.701.675 | 70.231.704 | 81.205.788 | 23,95% | 76,83% | 1,16 | |
| | 1.3. Други приходи | 79.618.740 | 41.328.645 | 40.217.171 | 11,86% | 50,51% | 0,97 | |
| 2 | **ВКУПНИ РАСХОДИ :** | **601.173.488** | **468.892.664** | **433.412.840** | **100,00%** | **72,09%** | **0,92** | |
| | 2.1. Трошоци за суровини и материјали | 7.916.647 | 9.634.028 | 5.314.414 | 1,23% | 67,13% | 0,55 | |
| | 2.2. Потрошена енергија | 29.904.000 | 15.978.798 | 16.398.910 | 3,78% | 54,84% | 1,03 | |
| | 2.3. Трошоци за сеча, дотур, утовар и превоз | 185.787.629 | 92.255.550 | 79.036.834 | 18,24% | 42,54% | 0,86 | |
| | 2.4. Амортизација | 7.273.889 | 13.692.464 | 9.967.213 | 2,30% | 137,03% | 0,73 | |
| | 2.5. Надоместоци на плати | 13.292.935 | 23.855.457 | 9.101.855 | 2,10% | 68,47% | 0,38 | |
| | 2.6. Бруто плати | 202.731.714 | 181.296.104 | 181.105.619 | 41,79% | 89,33% | 1,00 | |
| | 2.7. Проста репродукција на шуми | 54.088.620 | 40.758.981 | 35.384.064 | 8,16% | 65,42% | 0,87 | |
| | 2.8. Проширена репродукција | 16.493.125 | 12.134.466 | 10.611.527 | 2,45% | 64,34% | 0,87 | |
| | 2.9. Потрошени резервни делови | 12.215.000 | 6.457.759 | 5.226.961 | 1,21% | 42,79% | 0,81 | |
| | 2.10. Поштенски услуги | 188.343 | 116.859 | 131.320 | 0,03% | 69,72% | 1,12 | |
| | 2.11. Услуги за одржување | 6.964.860 | 2.090.011 | 2.647.183 | 0,61% | 38,01% | 1,27 | |
| | 2.12. Услуги за пошумување и маркирање | 4.975.348 | 377.243 | 580.188 | 0,13% | 11,66% | 1,54 | |
| | 2.13. Останати услуги *) | 6.813.721 | 8.318.250 | 11.518.581 | 2,66% | 169,05% | 1,38 | |
| | 2.14. Патни трошоци | 16.933 | 12.741 | 5.009 | 0,00% | 29,58% | 0,39 | |
| | 2.15. Трошоци за реклама, репрезентација и спонзорство | 190.464 | 72.076 | 134.526 | 0,03% | 70,63% | 1,87 | |
| | 2.16. Останати нематеријални трошоци *) | 1.863.748 | 8.059.006 | 3.743.930 | 0,86% | 200,88% | 0,46 | |
| | 2.17. Останати трошоци *) | 1.736.512 | 12.319.974 | 22.418.802 | 5,17% | 1291,02% | 1,82 | |
| | 2.18. Трошоци за Дирекција | 48.720.000 | 41.462.897 | 40.085.904 | 9,25% | 82,28% | 0,97 | |
| 3 | **ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ :** | **36.257.170** | **-122.146.029** | **-94.360.193** | **-** | **-260,25%** | **0,77** | |

*) Подетален преглед на наведените трошоци е доставен во прилог на овој Извештај

## II ОБВРСКИ И ПОБАРУВАЊА

| Реден број | Опис | План 2018 | Остварено 2017 | Остварено 2018 | Структурна анализа (оств.2018) | Споредбена анализа (оств.2018/ план.2018 ) | Споредбена анализа оств.2018/ оств.2017) | Образложение ( забелешка ) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7=5:3 | 8=5:4 | |
| **1. ВКУПНИ НЕИЗМИРЕНИ ОБВРСКИ** | | | **97.355** | **-15.826.354** | **100,00%** | | | |
| 1.1. | Обврски спрема добавувачи - правни лица | | -10.669.105 | -27.794.512 | | | | |
| 1.2. | Обврски спрема добавувачи - физички лица | | -672.266 | -525.415 | | | | |
| 1.3. | Обврски за ДДВ | | 11.438.726 | 12.493.573 | | | | |
| 1.4. | Обврски за кредити | | 0 | 0 | | | | |
| 1.5. | Обврски за нето плати и придонеси од плати | | 0 | 0 | | | | |
| **2. ВКУПНИ НЕНАПЛАТЕНИ ПОБАРУВАЊА** | | | **-35.042.852** | **24.849.817** | **100,00%** | | | |
| 2.1. | Побарувања од правни лица | | -10.626.659 | 21.077.797 | | | | |
| 2.2. | Побарувања од синдикати | | -3.180.998 | 1.042.168 | | | | |
| 2.3. | Побарувања од физички лица | | -21.490.365 | 2.090.237 | | | | |
| 2.4. | Побарувања од пресметана камата | | -60.127 | 1.300 | | | | |
| 2.5. | Утужени побарувања | | 115.558 | 535.203 | | | | |
| 2.6. | Сомнителни и спорни побарувања | | 199.739 | 103.112 | | | | |
| **3. СОСТОЈБА НА ЖИРО СМЕТКА/И ( денарски )** | | | **-6.267.168** | **2.688.250** | **100,00%** | | | |
| 3.1. | Стопанска Банка АД - Скопје | | 2.031.926 | 2.278.429 | 84,76% | | | |
| 3.2. | Комерцијална Банка АД - Скопје | | -8.299.094 | 59.119 | 2,20% | | | |
| 3.3. | Централна кооперативна банка | | -9.317.952 | 86.310 | 3,21% | | | |
| 3.4. | Халк банка | | 0 | 264.392 | 9,84% | | | |
| **4. ВКУПЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ЛИЦА** | | **0** | **2.293** | **2.244** | **100,00%** | | **0,98** | |
| 4.1. | Број на вработени на неопределено време | | 2.070 | 1.951 | 86,94% | | 0,94 | |
| 4.2. | Број на вработени на определено време | | 200 | 270 | 12,03% | | 1,35 | |
| 4.3. | Број на вработени лица со договор на дело | | 23 | 23 | 1,02% | | 1,00 | |
| **5. ИЗНОС НА ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА НЕТО ПЛАТА ВО ПРЕТПРИЈАТИЕТО** | | **18.964** | **17.933** | **20.099** | | **105,99** | **1,12** | |

**СПОРЕДБЕН ПРЕГЛЕД НА ТРОШОЦИ НА ДИРЕКЦИЈА ПО ВИДОВИ - 04-06м. 2018/2017г.**

**денари**

| Р. бр. | ВИД НА ТРОШОЦИ | 04-06м. 2017 | 04-06м. 2018 | Индекс 2018/2017 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Потрошени суровини и материјали | 646.147 | 200.278 | 0,31 |
| 2 | Потрошена енергија | 956.683 | 1.285.243 | 1,34 |
| 3 | Потрошени резервни делови | 0 | 0 | 0,00 |
| 4 | Трошоци за поштенски пратки | 54.446 | 110.009 | 2,02 |
| 4а | Трош. за телефони (фиксни и мобилни) | 2.082.651 | 2.110.181 | 1,01 |
| 5 | Услуги за одржување и заштита | 1.753.623 | 758.144 | 0,43 |
| 6 | Закупнина на деловен простор | 846.415 | 1.692.828 | 2,00 |
| 7 | Комунални услуги | 70.266 | 53.686 | 0,76 |
| 8 | Други производни услуги | 449.002 | 536.962 | 1,20 |
| 9 | Амортизација | 1.957.731 | 2.109.129 | 1,08 |
| 10 | Патни трошоци (за службени патувања) | 0 | 101.983 | 0,00 |
| 11 | Надоместоци на вработени | 488.807 | 694.736 | 1,42 |
| 12 | Надомест за Управен и Надзорен одбор | 635.354 | 704.114 | 1,11 |
| 13 | Трош. за реклама, репрезент. и спонз. | 127.269 | 198.695 | 1,56 |
| 14 | Премии за осигурување | 4.609 | 11.825 | 2,57 |
| 15 | **Нематеријални трошоци ( а+б+в+г)** | 1.975.688 | 2.831.247 | 1,43 |
| а | Адвокатски и нотарски услуги | 182.630 | 1.031.326 | 5,65 |
| б | Трошоци за стручни списанија | 28.763 | 8.090 | 0,28 |
| в | Трошоци за судски постапки | 56.083 | 216.595 | 3,86 |
| г | Останати нематеријални трошоци | 1.708.212 | 1.575.236 | 0,92 |
| 16 | Бруто плати | 10.958.370 | 12.378.618 | 1,13 |
| 17 | Камати | 17.443.301 | 10.704.977 | 0,61 |
| 18 | Други трошоци | 1.012.535 | 3.603.249 | 3,56 |
| **ВКУПНО:** | | **41.462.897** | **40.085.904** | **0,97** |

Ул. „Перо Наков" б.б.; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389(0)2 2581824

## Образложение за остварените приходи и расходи

**Остварените приходи** во вториот квартал од 2018 година (339.052.647ден.) во однос на планските проекции (637.430.658ден.) се остварени со **53,19%**, а во споредба со истиот период минатата година (346.746.635ден.) се **помали** за **2%**, (за 7.693.988ден).

### 1. Огревно дрво

Продажбата на вкупната количина на огревно дрво во споредба со истиот квартал минатата година е **намалена за 6,24%,** односно во 2017 год. продадени се 104.687м$^3$, а во 2018 год. продадени се 98.158м$^3$, или **намалувањето е 6.529м$^3$.** Согласно Ценовникот на главни шумски производи бр.02-1170/2 од 05.12.2014година, продажбата на огревно дрво по сортиментна структура и по вид на дрво во периодот од 04 до 06 месец 2018 година е намалена по место на продажба, и тоа: на пенушка за 4.270 м$^3$ и на шумскокамионски пат за 5.558м$^3$, додека продажбата на склад е зголемена за 3.299м$^3$, што директно влијае на остварените приходи кои ја следат продажбата на огревно дрво. Од продажбата на огревно дрво во 2017 год. остварени се приходи во износ од 235.186.286ден., а во 2018 год. остварени се приходи во износ од 217.629.688ден., односно **намалувањето е за 17.556.598ден.**

### 1.2. Техничко дрво

Продажбата на вкупната количина на техничко дрво во споредба со истиот квартал минатата година е **зголемена за 10,88%,** односно во 2017 год. продадени се 24.559 м$^3$, а во 2018 год. продадени се 27.233 м$^3$, или **зголемувањето е за 2.674м$^3$**, и тоа пред се на шумскокамионски пат за 3.042м$^3$, согласно Ценовникот за продажба на главни шумски производи. Од продажбата на техничко дрво во 2017 год. остварени се приходи во износ од 70.231.704ден., а во 2018 год. остварени се

МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
Ул. „Перо Наков" б.б.; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389(0)2 2581824

приходи во износ од 81.205.788ден., односно **зголемувањето е за 10.974.084ден.**

1.3. **Други приходи**

Другите приходи во овој квартал (40.217.171ден.) во однос на истите минатата година (41.328.645ден.) **се помали за 2,69%.** Во најголем дел причината за ова се должи на намалените приходи од маркирање во приватни шуми (2017г.-16.844.487ден; 2018г.– 15.111.144ден.), приходите од извршени услуги-превоз (2017г.-3.043.549ден; 2018г.– 2.300.636ден.) и приходите од отпис на обврски и наплатени отпишани побарувања (2017г.-3.485.428ден; 2018г.– 103.905ден.), додека зголемени се приходите од проста репродукција на шуми (2017г.-5.357.251ден; 2018г.– 8.394.091ден.), приходите од конфискувано огревно дрво (2017г.-641.073ден; 2018г.– 1.757.744ден.) и приходите на Дирекција (2017г.-4.370.044ден; 2018г.– 6.351.482ден.)

**Остварените расходи** за овој период во однос на планот се остварени со **72,09%,** а бележат намалување во однос на минатогодишниот квартал за **8%**. Во овој квартал претпријатието оствари **негативен финансиски резултат – загуба** во износ од **94.360.193 денари**, но со вклучување на влијанието на вредноста на залихите финансискиот резултат и сега е негативен, но во износ од **22.134.789 денари.** Во споредба со минатогодишната загуба остварена во истиот период (122.146.029 – без залихи), оваа година остварената загуба **е помала за 22,75%, или за 27.785.836 денари.**

Инаку, остварената загуба во вториот квартал од годината е **нормална** за ова претпријатие со сезонски карактер на работењето, бидејќи првото полугодие од годината е период на вложувања во производниот процес, додека финансиските ефекти се очекуваат во втората половина од годината.

Позначително зголемување во однос на минатогодишниот квартал се јавува кај следните позиции:

МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
„Перо Наков" б.б.; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389(0)2 2581824

- Ставката **2.10. -"Поштенски услуги"** – е зголемена за 12% (2017г. – 116.859ден., 2018г. – 131.320ден.), меѓутоа во апсолутен износ се работи само за 14.461 денар, а се работи за трошоци за поштенски пратки, во кои најголем дел отпаѓа на трошоците за објавување на Јавен оглас бр.2/2018 за засновување на работен однос на неопределено време согласно Нацрт записникот од Педесет и втората седница на Владата на РМ, одржана на 30.01.2018година, на која е дадено одобрение за реализација на планираните нови вработувања согласно Програмата за работа за 2018година.
- Ставката **2.11. -"Услуги за одржување"** – е зголемена за 27% најмногу поради зголемените трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми (2017г. – 459.201ден., 2018г. – 1.119.838ден.)
- Ставката **2.12. -"Услуги за пошумување и маркирање"** – е зголемена за 54%, (во апсолутен износ-за 202.945ден.), а овие активности зависат од предвидените одгледувачки и шумскокултурни работи во посебните планови за стопанисување со шумите.
- Ставката **2.13. -"Останати услуги"** – е зголемена за 38% и тоа најмногу поради зголемените трошоци за наемнини, а по основ на склучени договори за закуп со вработени на определено време (сечачи и дотурачи), кои работат со сопствени средства. Овие вработени се ангажирани за период 01.01 – 31.12.2018г., согласно добиеното Известување од Министерството за финансии бр.18-11.658/4 од 29.12.2017г. и нивниот број во овој квартал изнесува 270, а во истиот период минатата година биле 200 (наемнини за опрема во 2017г.-3.249.192ден; во 2018г.– 5.490.703ден.)
- Ставката **2.15. – "Трошоци за реклама, репрезентација и спонзорство"** е зголемена за 87% (2017г. – 72.076ден., 2018г. – 134.526ден.), меѓутоа во апсолутен износ се работи за 62.450 денари.
- Ставката **2.17. - "Останати трошоци "** е зголемена за 82% најмногу поради трошоците за спорови (2017г. – 431.078ден., 2018г. – 19.068.412ден.), од кои само на подружницата "Равна река"-Пехчево отпаѓаат околу 86%, а поради исплатени трошоци по извршно судско решение за спорот со рибникот Пеком од Пехчево.

МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
Ул. „Перо Наков" б.б.; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389(0)2 2581824

Остварените приходи и расходи во овој квартал се прикажани врз основа на **книжени приходи и расходи на подружниците,** без влијание на вредноста на залихите врз крајниот финансиски резултат. Сепак, за пообјективно прикажување на остварените резултати, дополнително Ви доставуваме и состојба со залихите на огревно и техничко дрво на 1.04.2018г. и на 30.06.2018г. **(зголемување на вредноста на залихите за 72.225.404денари):**

| Место | Огревно дрво на 30.06.2018 | | Техничко дрво на 30.06.2018 | | Вкупна почетна залиха на 1.04.2018 | | Вкупна завршна залиха на 30.06.2018 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | $м^3$ | денари | $м^3$ | денари | $м^3$ | денари | $м^3$ | денари |
| Шума | 33.491 | 26.792.456 | 11.769 | 8.238.307 | 33.819 | 26.352.389 | 45.260 | 35.030.763 |
| Пат | 63.915 | 102.264.352 | 14.598 | 26.276.094 | 42.220 | 69.565.240 | 78.513 | 128.540.446 |
| Склад | 3.589 | 9.330.828 | 820 | 2.378.261 | 2.643 | 7.137.265 | 4.409 | 11.709.089 |
| Вкупно: | 100.995 | 138.387.636 | 27.187 | 36.892.662 | 78.682 | 103.054.894 | 128.182 | 175.280.298 |

МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
„Перо Наков" б.б.; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389(0)2 2581824

**Образложение за вкупните неизмирени обврски**

**и вкупните ненаплатени побарувања**

Претпријатието настојува **обврските** редовно да ги исплаќа, со цел да се зголеми производството на огревно и техничко дрво.

**Обврските спрема добавувачи – правни лица.** Во овој квартал се исплатени вкупно 113.694.499денари, а стекнати се обврски во износ од 141.489.011денари, со што се доаѓа до состојба со салдо од повеќе стекнати обврски во износ од 27.794.512денари. Од обврските за директно производство –сеча, дотур и превоз исплатени се 74.127.125денари, а стекнати се обврски во износ од 92.198.895денари, со позитивно салдо од 14.728.014денари, што значи помалку исплатени од стекнати обврски за овој квартал. Од обврските по други јавни набавки за потребите во процесот на производство, односно тендери во Дирекција, исплатени се 30.032.488денари, а стекнати се обврски во износ од 33.004.509денари и останува салдо од 2.972.021денари. Во трета група на обврски се тековните обврски, каде имаме стекнато обврски во износ од 16.285.607денари, исплатено 9.534.886денари и негативно салдо од 6.750.721 д.

**Обврските спрема добавувачи – физички лица** се исплатени во износ од 1.207.114денари, а стекнати се обврски во износ од 1.732.529денари и имаме помалку исплатено за 525.415денари. Овие обврски се по основ на ангажирани лица по договор на дело.

Во овој квартал претпријатието има стекнато обврски за ДДВ (за месеците Март, Април и Мај 2018г.) во вкупен износ од 34.692.636денари, а има исплатено обврски за ДДВ (за месеците Февруари и Март 2018г.-13.349.390денари, по Решение од УЈП за репрограм-4.962.682денари и за месеците Ноември, Декември и дел од м.Октомври 2017г.-28.874.137денари) во вкупен износ од 47.186.209денари, со што салдото за овој квартал изнесува 12.493.573денари.

Во делот на обврските, да го истакнеме и фактот што во овој квартал **нема** неизмирени обврски за плати и придонеси од плати.

МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
Ул. „Перо Наков" б.б.; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389(0)2 2581824

## Побарувања од купувачи во земјата

Во вториот квартал од 2018г. салдото на побарувањата е во износ од 2.312.893денари, кое произлегува од помалку наплатени од фактурирани побарувања.

**Побарувањата од купувачи – правни лица.** Од сметководствената евиденција се констатира дека во овој квартал има вкупно фактурирано побарувања во износ од 207.816.685денари, а вкупно се наплатени 186.738.888 денари, со што се доаѓа до салдо од 21.077.797денари. Салдото произлегува од ненаплатени побарувања во износ од 54.501.110денари и примени аванси во износ од 33.423.313денари.

**Побарувањата од синдикати.** Во овој квартал има вкупно фактурирано побарувања во износ од 46.711.972денари, а вкупно се наплатени 45.669.804 денари, со што се доаѓа до салдо од 1.042.168денари. Салдото произлегува од ненаплатени побарувања во износ од 15.975.806денари и примени аванси во износ од 14.933.638денари.

**Побарувањања од физички лица.** Физичките лица се поделени во подгрупи:

а) **Физички лица-граѓани.** Во овој квартал има вкупно фактурирано побарувања во износ од 70.173.853денари, а вкупно се наплатени 67.569.317 денари, со што се доаѓа до салдо од 2.604.536денари. Салдото произлегува од ненаплатени побарувања во износ од 27.202.343денари и примени аванси во износ од 24.597.807денари.

б) **Физички лица-пензионери.** Во овој квартал има вкупно фактурирано побарувања во износ од 4.537.582денари, а вкупно се наплатени 6.850.475 денари, со што се доаѓа до салдо од -2.312.893денари. Салдото произлегува од ненаплатени побарувања во износ од 2.205.344денари и примени аванси во износ од 4.518.237денари.

в) **Физички лица-социјални групи.** Во овој квартал има вкупно фактурирано побарувања во износ од 1.473.830денари, а вкупно се наплатени 295.838денари, со што се доаѓа до салдо од 1.177.992денари. Салдото произлегува од ненаплатени

МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
Ул. „Перо Наков" 6.6.; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389(0)2 2581824

побарувања во износ од 1.237.013денари и примени аванси во износ од 59.021 денар.

г) **Физички лица –вработени.** Во овој квартал има вкупно фактурирано побарувања во износ од 5.772.379денари, а вкупно се наплатени 5.151.777денари, со што се доаѓа до салдо од 620.602денари. Салдото произлегува од ненаплатени побарувања во износ од 2.601.635денари и примени аванси во износ од 1.981.033 денари.

Во овој квартал во делот на утужени побарувања имаме салдо во износ од 535.203денари, кое произлегува од наплатени побарувања по тужби во износ од 433.911денари, а утужени се во износ од 969.114денари. Во делот, пак, на сомнителни и спорни побарувања имаме салдо во износ од 103.112 денари, кое произлегува од наплатени побарувања по тужби во износ од 7.121денар, а утужени се во износ од 110.233денари.

**Просечна исплатена плата на Директорот на ЈП**

2018г. - нето: - 56.813,00ден. ; бруто: - 85.327,00ден.

2017г. - нето: - 56.991,00ден. ; бруто: - 85.610,00ден..

**Изготвил:** Биљана Чакаровска, дипл.ецц.

**Одобрил:** Гордана Серафимовска, дипл.шум.инж.

**Сектор за економско-финансиски работи**

**Помошник – Директор,**

Дипл.ецц. Марија Срезовска-Матевска